војна (1912-1918)" добил награда од Собранието на град Скопје "13 Ноември", а за неговата општествена дејност бил одликуван со Орден на трудот со златен венец и Орден за заслуги за народ.

Простувајќи се од д-р Петар Стојанов, вработените во Институтот за национална историја, како и другите членови на Сојузот на друштвата на историчарите на Република Македонија се единствени дека загубиле исклучителен колега и пријател.

Нека му е вечна слава и благодарност.

Катерина НАУМОСКА

**Христо Меловски (1932-1996)**



Кој ли можеше да претпостави дека самиот старт на Новата 1996 година ќе го завие в траур Институтот за историја токму во предвечерјето на јубилејната 50 годишнина?!

На 3 јануари претпладне физички нè напушти нашиот незаборавен колега, еминентен педагог и пријател, универзитетскиот професор Христо Меловски.

Неговата биографија распослана меѓу Лерин и Скопје, опфаќа 63 годишна животна сторија, плодна и племенита.

Роден е на 23 август 1932 година во Лерин, Беломорска Македонија. Граѓанската војна го одведува неговото семејство во Нови Сад, каде дипломира историја на тамошниот филозофски факултет.

Во 1968 година станува асистент при Катедрата за историја на Филозофскиот факутлет во Скопје. Во 1975 година на Универзитетот "Мартин Лутер" во Хале (ГДР) одбранува докторска теза по што е избран за доцент по предметот Историја на народите на Југославија - Среден век. Подоцна го стекнува звањето вонреден професор по истиот предмет. Во последно време, согласно новиот наставен план, го предаваше предметот Историја на балканските народи - Среден век. По заминувањето на академикот Стјепан Антољак, го предава и предметот Помошни историски науки. Воедно активно беше вклучен и во наставно-образовниот процес на постдипломските студии од областа на историјата на македонскиот народ -Среден век.

Беше одличен познавач на грчкиот и германскиот јазик. Зад себе остави вредни остварувања од областа на македонската медиевалистика, меѓу кои најдрагоцена е неговата докторска теза.

Беше раководител на ННСГ за историја и раководител на постдипломските студии. Воедно беше продекан на Филозофскиот факултет во Скопје.

Беше секретар на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ. На двапати беше главен и одговорен уредник на списанието Историја. Всушност, смртта го затекна на таа должност.

Секогаш пристапен, присен и несебичен, Христо Меловски беше оличение на вистински универзитетски професор за бројни генерации студенти-историчари.

Беше принципиелен, енергичен и дисциплиниран. Докрај, стоички остана со своите студенти, и покрај неумоливата болест, целосно реализирајќи ја наставата.

На 14 декември минатата година, професорот Меловски успешно ја реализира својата последна улога како член на Организациониот одбор на научниот собир посветен на животот и делото на академик Љубен Лапе.

Неговото заминување претставува ненадоместлива загуба за неговите најмили, сопругата Васка и ќерката Диче, за Институтот за историја, за Филозофскиот факултет, за Универзитетот “Кирил и Методиј”, за сите оние што го познаваа и ценеа.

Неговиот драг, неодминлив лик, неговото дело, ќе живее во нашите сеќавања, во аналите на современото македонско високо образование.

Димитар ДИМЕСКИ

**Светозар Наумовски (1944-1996)**



Животот најчесто е непредвидлив. Смртта уште повеќе.

За релативно кусо време, Институтот за историја при Филозофскиот факултет во Скопје, за неполни три месеци од 1996 година загуби две свои стамени личности: професорите Христо Меловски и Светозар Наумовски.

Уште не бевме се созеле од траумата сврзана со загубата на професорот Меловски, кога нов удар на човечката судбина повторно не зави во траур.

Во предвечерјето на пролетта засекогаш не напушти нашиот драг колега, незаборавен педагог и пријател, универзитетскиот професор д-р Светозар Наумоски.